СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Стопанската комора на Северна Македонија водејќи сметка за контекстот на институцијата, како и стратешкиот правец на истата, во целост се определува да ја спроведува Политиката за квалитет. Таа е составен дел на целокупното работно опкружување и е заснована на воспоставување, примена и одржување на пазарно ориентираниот работен систем и на принципите на унапредување на квалитетот. Нејзина цел е потполно задоволување на барањата од стандардот ISO 9001:2015, потребите и очекувањата на заинтересираните страни, со став за континуирано подобрување на системот за управување со квалитет и зголемување на ефективноста и ефикасноста на процесно ориентирано работење на институцијата.
Политиката за квалитет, која е рамка за воспоставување и прегледување на дефинираните цели за квалитет, периодично се преиспитува и менува кога е тоа потребно.

Основните принципи на Политиката за квалитет, кон кои Комората сега и во иднина се обврзува, се засновуваат на :

- Уважување на заинтересираните страни, разбирање и задоволување на нивните потреби и очекувања;
- Одлучување врз основа на логични и интуитивни анализи од прибраните податоци, прецизни мерења на карактеристиките на услугите, процесите, како и системот за управување со квалитет, со што гарантираме доставување на квалитетна услуга до заинтересираните страни, зголемување на нивната доверба кон нас и подобрување на имиџот на институцијата;
- Воспоставување и соопштување на нашата визија за институцијата и низ лидерство, зајакнување на клучните вредности за насочување на однесувањето на сите вработени во остварување на визијата;
- Развивање на институцијата, користејќи го знаењето и искуството на вработените, препознавајќи го нивниот придонес, како и обезбедување на опкружување во кое тие се мотивирани за остварување на сите свои можности и овластувања да работат во рамките на дефинираните одговорности;
- Перманентно спроведување на стручното оспособување за квалитетот на вработените на сите нивоа, водење грижа за подобрување на условите за работа, опремата и знаењето на вработените, како и заштита на животната средина ;
- Подобрување на ефикасноста и ефективноста на доставените услуги преку воспоставени процеси во системот за управување со квалитет;
- Идентификување и елиминирање на сите недостатоци кои можат да предизвикаат губење на работа, заинтересирани старни и се она што неповолно влијае на целата заедница;
- Прифаќање процесен пристап во управувањето со нашето работење и управување со нашите процеси како единствен систем од мегусебно поврзани процеси, кој ги остварува сите цели на институцијата;
- Развивање на партнерски односи со заинтересираните страни и работење со нив на заедничко подобрување на перформансите;
- Исполнување на законската регулатива и легислатива;
- Континуирано одржување и подобрување на Системот за управување со квалитет, согласно стандардот ISO 9001:2015;

Дата
01.07.2021

Претседател
Бранко Азески